Република Северна Македонија
Јавна општинска установа за деца
Детска градинка Гоце Делчев
Бр. 02-87/3
14.09.2026 год.
ИЛИНДЕН

# ОГЛАС
## за прибирање на понуда за услуга за осигурување

Јавната општинска установа за деца- Детска градинка “Гоце Делчев”- Општина Илинден, со седиште на ул.534 бр.25 н.м.Марино, телефон за контакт 02/2571-345, факс 02/2571-345 и електронска адреса gradinka_gd@hotmail.com, претставувана од Директор, м-р Катерина Бојковска Јовчевска, објавува оглас за прибирање на понуди за услуга осигурување.

**I. Осигурување на деца од предучилишна возраст;**

- **Предмет на огласувањето** е обезбедување на услуга- Осигурување на деца од предучилишна возраст за воспитната 2026/27 година.
- **Начин на извршување на услугата**: Полисата за осигурување се изготвува врз база на доставени списоци на деца- осигуреници (податоци за име и презиме и датум на раѓање на децата) од страна на овластено лице од установата.
- **Рок за извршување на бараната услуга:** Услугата осигурување е потребно да се изврши по склучување на договорот за деловна соработка, а согласно потребите на установата.
- **Правата и обврските на договорните страни** ќе се регулираат со договор за деловна соработка.
- **Уплатата за дадената услуга (осигурување)** ќе се реализира преку уплатница која ќе биде доставена до родителите, а ќе биде изработена од страна на осигурителната компанија.
- **Финансиската понуда** потребно е да содржи:

1) Цена за:

- Осигурување од несреќен случај по дете за уплатен износ од 100 ден. (со опис на несреќни случаи за кои следи исплата со прилог информатор/брошура);
- Изготвување на групна осигурителна полиса.

Доколку постојат повеќе видови на услуги за истите на свој образец може да се даде финансиска понуда.

2) Услови кои треба да ги исполнува една фирма-понудувач и документи кои треба да ги достави:

- Документ за регистрирана дејност;
- Тековна состојба;
- Изјава за сериозност- потпишана од одговорно лице на фирмата-понудувач дека понудувачот ќе ја заврши договорената обврска во договорениот рок.

**Рок за достава на финансиските понуди е до** 18.09 .2026 година, најдоцна до 13:00 часот.

Понудата да се достави во **писмена форма (затворен коверт) на адреса: ул.534 бр.25 н.м.Марино.**

**По реализација на седницата на Советот на родители на ЈОУДГ "Гоце Делчев"- Општина Илинден, по која ќе се разгледуваат понудите од понудувачите, следува Известување за избран деловен соработник истакнато на Огласна табла на Детската градинка.**

**Совет на родители**
**Претседател**
**Сања Атанасовска Блажевска**

Scanned with CamScanner